**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-377
12.07.**2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 6 став 1 алинеја 4 и член 20 став 1 алинеи 1 и 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), член 268 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Известувањето бр.03-3091/2 од 06.07.2016 година за констатирана грешка во Писмениот извештај за извршен административен надзор на Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје (бр.03-3091/1 од 07.06.2016 година), издавач на печатениот медиум „Авто плус" и Коригираниот писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-3091/3 од 06.07.2016 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за поништување на Решението за преземање мерка – опомена**

1. **СЕ ПОНИШТУВА** во целост Решението за преземање мерка – опомена Уп 1 бр.03-331 од 08.06.2016 година.

2. Ова Решение е конечно.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-3091/1 од 07.06.2016 година, донесе Решение за изрекување мерка – опомена Уп 1 бр.03-331 од 08.06.2016 година, со кое го опомена Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус", заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), односно поради тоа што издавачот на магазинот „Авто плус", во изданието бр.261 за мај 2016 година, само делумно ја исполнило обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавило податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

Со предметното Решение на Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус" му беше наложено во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

На 06.07.2016 година, од страна на Секторот за стратешко планирање и авторски права доставено е Известување бр.03-3091/2 во кое е наведено дека во Извештајот за извршен административен надзор на Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје бр.03-3091/1 од 07.06.2016 година, издавач на печатениот медиум „Авто плус", сторена е ненамерна грешка при спроведување на надзорот, во смисла на тоа дека констатиран е прекршок на член 14 став 1 од Законот за медиуми, односно дека во импресумот на изданието бр.261 на овој магазин не е објавен податок за

адресата на уредништвото. Имено, овој податок бил објавен, но на друга страна од останатите податоци од импресумот.

Поради тоа, Секторот за стратешко планирање и авторски права извести дека потребно е да се поништи Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-3091/1 од 07.06.2016 година и Решението за преземање мерка – опомена Уп 1 бр.03-331 од 08.06.2016 година и да се заведи новиот коригиран извештај од редовниот административен надзор на Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

Во коригираниот Писмен извештај бр.03-3091/3 од 06.07.2016 година (Прилог бр.1 кон ова Решение), е констатирано дека Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус", во изданието бр.261 за мај 2016 година целосно ја исполнило обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Со оглед на сето понапред наведено, а врз основа на член член 6 став 1 алинеја 4 и член 20 став 1 алинеи 1 и 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), член 268 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Известувањето бр.03-3091/2 од 06.07.2016 година за констатирана грешка во Писмениот извештај за извршен административен надзор на Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје (бр.03-3091/1 од 07.06.2016 година), издавач на печатениот медиум „Авто плус" и Коригираниот писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-3091/3 од 06.07.2016 година, се донесе решение како во диспозитивот.

Согласно член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговиот прием.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение, ДРИИ АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, има право да поднесе тужба до надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Прилог (1):**

- Коригиран писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-3091/3 од 06.07.2016 година.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје;

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 07. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3091/3 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**КОРИГИРАН ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус", и тоа:

   - изданието бр.261 на магазинот „Авто плус" за мај 2016 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 6 јули 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум, Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот е констатирано дека Друштвото за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус", во изданието бр.261 за мај 2016 година целосно ја исполнило обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***